SWAN Sex Workers Rights Advocacy Network in Central and Eastern Europe and Central Asia

H.O.P.S.
ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ
Healthy Options Project Skopje

**ИЗЈАВА НА SWAN ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН ЗА БОРБА ПРОТИВ СИДА**

Денес е 1. Декември, светскиот ден за борба против СИДА.

На овој ден, ние, претставниците од 16 невладини организации од 15 земји, сакаме да ги предупредиме владите во нашиот регион дека светот се соочува со човечка катастрофа без преседан. 25 години откако започна пандемијата, СИДАта има нанесено огромно страдање на земјите и заедниците ширум целиот свет:

- Секој ден 14,000 нови лица се заразуваат со ХИВ, а 8000 луѓе заболуваат од СИДА
- Досега повеќе од 25 милиони луѓе умреа од СИДА
- 40 милиони моментално живеат со ХИВ
- 15 милиони деца се сирачиња поради СИДА
- Половина од сите нови ХИВ заразувања се случуваат кај луѓе под 25 години

Така наречените "маргинализирани групи" се под поголема закана од ХИВ пандемија одошто општото население. Во овие маргинализирани групи спаѓаат и сексуалните работници.

Во многу земји во нашиот регион, проституцијата е нелегална. Сексуалните работници немаат пристап до едукација за ХИВ и за ефективните методи на превенција. Тие немаат пристап до ХИВ тестирање, бесплатни кондоми, здравствена грижа или психолошко советување.

Нивните човекови права рутински се прекршуваат. Тие се подложни на тепање, силување, уцени, киднапирања, продавање или купување од трговците со луѓе.

И самата полиција често ги тепа и силува. Кондомите кои им ги наоѓаат се користат како доказ против нив самите.

Со ова се прекршуваат основните човекови права на сексуалните работници, и со тоа стануваат почувствителни на инфекција со ХИВ или со некоја друга сексуално преносплива инфекција.

Би сакале да ги потсетиме владите во нашиот регион за Резолуцијата за ХИВ/СИДА на Генералното Собрание на Обединетите Нации усвоена во јуни оваа година, во која се наведува дека "со цел да изготвиме сéопфатна стратегија за борба со овој проблем, мораме да ги надминеме сите правни, регулативни, трговски и други бариери кои го блокираат пристапот до превенција, третман, грижа и поддршка."

За повлекување на ХИВ пандемијата, ги повикуваме нашите влади за следново:

- Декриминализација и депенализација на сексуалната работа;
- Постојана достапност на најосновните средства за превенција - машки и женски кондоми;
- Обезбедување на еднаква достапност на соодветна медицинска грижа, социјални услуги, бесплатно тестирање за ХИВ и антиретровирални третмани за сексуалните работници;
- Крај на затварањето, обесправувањето и прекршувањето на човековите права на сексуалните работници;
- Препознавање на фактот дека правата на сексуалните работници како и репродуктивните и сексуалните права се човекови права. Стратегиите за човекови права треба да лежат во суштината на сите стратегии за борба против ХИВ/СИДА;
- Препознавање на фактот дека сексуалните работници не се проблемот, туку дел од решението. Нема да има решение за ХИВ пандемијата без нивно вклучување. Владите треба да ги вклучат сексуалните работници во развојот на програмите за борба против понатамошното ширење на ХИВ;
- Воведување на сексуално образование за младите луѓе, како што препорачува СЗО, преку кое ќе се стекнат со потребните вештини, знаење и средства за превенција на зараза со ХИВ. Пристапот до образование за сексуално преносливи инфекции и за превенција од нив е човеково право на младите

Како мрежа од 16 услужни организации од граѓанското општество од 15 земји од Централна и Источна Европа и Централна Азија, ние имаме искуство во развојот на политики и во давањето услуги на сексуалните работници и заразените со ХИВ. Ние можеме да им помогнеме на нашите влади во развојот на сéопфатни програми за реализирање на погорниве препораки.

**Организации членки на SWAN – Мрежа за застапување на правата на сексуалните работници:**

Aksion Plus, Албанија
HESED, Бугарија
Bliss Without Risk, Чешка
MPEE, Унгарија
Women's Rights Center, Казакстан
Tais Plus, Киргистан
Dia+Logos, Латвија
I Can Live, Литванија
ХОПС, Македонија
Tada, Полска
ARAS-Romanian Association Against AIDS, Романија
Humanitarian Action, Русија
Siberian Initiative, Русија
Jazas, Србија
Odyseus, Словачка
All Ukrainian Association on Harm Reduction, Украина

**За повеќе информации ве молиме контактирајте:**

Марија Тошева

ХОПС – Опции за здрав живот
Kapan An, lokal 3,
1000 Skopje

Tel/Fax: +389 (0)2 313 00 38
Е-маил: marijat@hops.org.mk
Web site: http://www.hops.org.mk